И8389

Утрински весник, Скопје, 2.10.2001, 68Б, 17.

Културно-информативен центар

# *Изложба на Дик Робертс од САД*

Во Културно-информативниот центар, вечерва, во 20 часот, ќе биде отворена изложбата на слики од Дик Робертс од Велмингтон, САД. Изложбата носи наслов "... и јас во потрага по вистината" и на неа ќе бидат изложени околу 20 дела работени во маслена техника.

Дик Робертс дипломирал на Универзитетот во Северна Каролина, оддел за сликарство и керамика. Тој е организатор на меѓународната ликовна колонија "Без граници" и еден од организаторите на студиото АКМЕАРТ во Вилмингтон во САД. До сега реализирал 15 самостојни и повеќе групни изложби во САД, Европа, Азија. Има изложувано повеќе пати во Македонија и учествувал на повеќе ликовни колонии во нашата земја. "За мене, по средбата со Македонија, животот и сликарството станаа едно", изјавил Дик Робертс по првата средба со Македонија. (Г.М.Б.)